**2026057964**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на членот 116 став (9) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), министерот за економија и труд, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ВОДЕЊЕТО НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОЛНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ И НА ПРЕКУВРЕМЕНАТА РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и водењето на електронската евиденција на полното работно време и на прекувремената работа кај работодавач кој има над 25 вработени и кај кој процесот на работата се врши на една или повеќе локации.

Член 2

Во електронската евиденција за полното работно време и на прекувремената работа, се евидентираат најмалку следните елементи, и тоа:

- име и презиме на работникот;
- персонален број на работникот кај работодавачот;
- распоред на работното време на работникот;
- влез/излез;
- пауза за време на работното време;
- приватно отсуство (влез/излез) и
- службено отсуство (влез/излез).

Член 3

Системот за електронската евиденција на полното работно време и на прекувремената работа треба да овозможи заштита на податоците кои се наоѓаат во читачите на податоци и во базата на податоци.

Пристап до податоците од став 1 на овој член, може да има само лице со посебно овластување - администратор.

Системот од ставот 1 на овој член, треба да генерира дневни, неделни и месечни извештаи за полното работно време и за прекувремената работа.

Во случај на менување на податоците од страна на работодавачот, од страна на овластеното лице кај работодавачот или администраторот, извршената промена треба да се евидентира во електронски запис во кој се наведува кој ги сменил податоците, кога се сменети и оргиналниот изглед на податоци пред извршената промена.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и водењето на електронската евиденција на работно време и на прекувремената работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-1437/1
12 март 2026 година
Скопје

Министер
за економија и труд,
**Бесар Дурмиши,** с.р.